Republika Makedonija

Републиka Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Број 14-4889/1
18-06-.2010 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН
Примено: 22.06.2010
Орг. единица
13 448/4

ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
- Г-ѓа Тања ТАНЕВСКА, главен државен ревизор

С К О П Ј Е

ПРЕДМЕТ: Одговор по доставен извештај
Бр. 13-448/2 од 03.06.2010

Во врска со доставениот Ревизијски извештај за успешност за оценка на ризици и можности за подобрување на исполнување на правото за здравсвена заштита – итна медицинска помош во Република Македонија, во прилог Ви доставуваме одговор на Министерството за здравство на добиениот извештај.

Подготвил, одобрил,

Д-р Жарко Шутиновски

МИНИСТЕР,

D-r Bujar OSMANI

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**Одговор на ревизијскиот извештај за успешност за оценка на ризици и можности за подобрување на исполнување на правото за здравствена заштита – итна медицинска помош во Република Македонија**

Ревизијскиот извештај ја опфаќа целокупната структура, функционирањето, проблемите и потребите, како и законската регулатива на Службите за итна медицинска помош, како составен дел на јавните здравствени установи – здравствени домови во РМ.

Ревизијата за успешност, Министерството за здравство ја смета како збогатување на сознанијата со крајна цел подобрување на функционирањето на итната медицинска помош и овие сознанија ги смета за конструктивни и насочувачки.

Состојбите во Службите за итна медицинска помош повеќе години наназад укажуваат за многу нерешени проблеми, и истите редовно се следат од страна на Министерството за здравство, а предвидените реформски зафати се подлабоки и бараат реално време за нивна реалзација особено што се суштински, аналитички и бараат обезбедување на поголеми финансиски средства. И покрај тешката финансиска состојба на здравствениот систем, ценејки ја исклучителната важност на оваа дејност во укажување на итна здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија, Министерството за здравство смета дека реформите се императивни и нема да отстапи од нив без разлика на поголемите финансиски средства што се потребни за негова реализација.

Министерството за здравство има изготвено комплетна анализа за состојбите, проблемите и потребите на Службите за итна медицинска помош во Република Македонија, каде се аналитички обработени по однос на медицински тимови (посебно за доктори, медицински сестри и возачи), санитетски возила, како и просторот и опременоста со немидицинска и медицинска опрема. При проценката на потреби користени се податоци за бројот на жители на населеното место, бројот на неселени места што ги покрива една Служба за итна медицинска помош, нивната одделеченост од цетралата, состојбата на патната мрежа, место положбата (рамничарска – ридско-планинска) и др. Сето тоа е ставено во една корелација при што како основен водич е земен нормативот општо прифатен во светот, дека времето на пристигнувањето на тимовите до повикувачот- корисник на потребата, почнувајќи од повикот, не треба да биде подолг од 25 мин. Министерството за здравство е свесно дека и со воведување на оптималниот број на медицински тимови и оптималниот број на санитетски возила во одреден временски период во одредени ридско-планински населени места пристигнувањето на помошта не ќе биде во времето на планираните 25 минути, заради што ја информира Владата на Република Македонија дека во иднина ќе треба да се набават еден до два санитетски хеликопери.